РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-2911/1
15.02. 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 став (1) од Законот за нотаријатот (Сл. весник на РМ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), Претседателот на Нотарска комора на РСМ по службена должност, а по претходно прибавено мислење од Управниот одбор на Комората од 12.2.2021 год. во врска со престанување на службата на нотарот Миле Андоновски именуван за подрачјето на Основниот суд во Кратово, врз основа на Решение бр. 09-1937/1 од 8.6.2017 год. донесено од Министерот за правда, **на ден 15.2.2021 год.** го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за определување нотар кој привремено ја врши службата

1. **МАЈА КОЛЕВА** - нотар именуван за подрачјето на Основниот суд во Кратово се определува за нотар кој привремено ја врши службата за довршување на започнатите, а недовршени работи на нотар Миле Андоновски од Кратово, на кој му престана нотарската служба на ден 30.7.2017 година.

2. Нотарот кој привремено ја врши службата се определува за период од **5 години** сметано од денот на донесување на ова Решение.

3.Нотарот кој привремено ја врши нотарската служба ги презема списите и книгите на нотарот, како и исправите и предметите од вредност што му се доверени, заради довршување на започнатите работи.

4.Нотарот кој привремено ја врши нотарската служба ги презема работите во согласност со член 116 од Законот за нотаријатот.

5. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

6.Со донесувањето на ова решение, Решението со бр. 02-985/1 од 5.7.2018 година со кое нотар Мартин Божиновски именуван за подрачјето на Основниот суд во Куманово, беше поставен за Нотар кој привремено ја врши службата за довршување на започнатите а недовршени работи на нотар Миле Андоновски се става **ВОН СИЛА.**

**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од приемот на Решението.

Решението да се достави до:
-Министерот за правда на РСМ,
-Основен суд Кратово,
-Нотарот кој привремено ја врши службата,
-Архива на Нотарската комора.